МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Мај 2011
БРОЈ 117

## МЦМС на Скопскиот маратон

Тројца претставници на МЦМС беа меѓу неколкуте илјади маратонци кои по петти пат ја трчаа патеката на Скопскиот маратон. Сашо Клековски, Кренар Кука и Симона Огненовска си ги одмерија силите на патеката за 5000 метри.




„Учеството на Маратонот е прво учество на трка по „Цветната трка" што во 2002 година ја организираше ОБСЕ. Посебно е важно да се спортува и рекреира, без разлика на професионалната зафатеност, возраста ... Мило ми е што во МЦМС успеваме во тоа, и секако ми е мило што сите ја завршивме трката", вели Сашо Клековски. Скопскиот маратон собра многу позитивни критики за организираноста и посетеноста, посебно таа на патеката.

## Вештини за односи со јавноста за вработените на АОПЗ

МЦМС спроведе обука за односи со јавноста за вработените во Агенцијата за остварување на правата на заедниците (АОПЗ) во периодот од 11 до 13 мај 2011 година. На учесниците им беа презентирани повеќе теми за подготовка на презентација, за пишување прес соопштенија и организирање прес конференции, за организирање настани и давање изјави/интервјуа за медиумите. Низ вежби дел од новите знаења имаа можност и веднаш да ги применат.

Учесниците покажаа голем интерес и ентузијазам за новините. Во работна атмосфера тие посветено го јакнеа својот и капацитетот на Агенцијата кој ќе им помогне во справувањето со идните предизвици. Обуката ја организираше ОБСЕ, мисијата во Скопје, а ја спроведе МЦМС преку својот обучувач Гонце Јаковлеска.



# МОЈОТ ИЗБОР 2011
## граѓаните информирани, вклучени и активни во сите аспекти на изборите

МЦМС во партнерство со Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) воспоставија интегрирана платформа за набљудување на изборите.

Еден од продуктите на оваа платформа е веб-страницата Мојот избор 2011 која ги понуди сите информации за изборите на едно место: изборните програми на партиите, листите на кандидати, изборните единици, општини и избирачки места, следењето на објавите во медиумите и рејтинзите на политичките партии. Веб страницата со својот интерактивен пристап овозможи пријавување на изборни неправилности, со што секој граѓанин можеше да придонесе кон подобрување на изборниот процес со брза информација. Во соработка со веб-порталот ДејлиМК, се следеа сите интернет објави поврзани со изборите и се креираат дневни статистики по сите основи на следење.

Мојот избор 2011 понуди анализи за: граѓанското општество, економијата, интеграцијата во ЕУ и НАТО, образованието, еднаквите можности и (не)дискриминацијата, доброто управување, вработувањето, животната средина, здравството, инвестициите и локалниот и руралниот развој.

Извештаите за изборните неправилности и изборните кампањи и односот на медиумите се заснoваа на претходни анкети на граѓаните. Истражувањето покажа дека мнозинство од граѓаните (50,8 %) очекуваат фер и демократски избор. Најчести нерегуларности, според граѓаните, би можеле да бидат сите наведени форми (25,4 %) и поткупување на гласачите (14 %). Изборните нерегуларности би биле предизвикани од партиите 50,2 %; од граѓаните (9,3 %), од локални насилници (7,4 %) и на крајот поради неспособноста на изборните органи (1,1 %). Најчесто како причинители на нерегуларности на изборите ги гледаат партиите воопшто. Како најчеста причина за изборните нерегуларности граѓаните ја гледаат незрелоста и недемократичноста на партиите (29,5 %).

Кај кампањите, истражувањето покажа дека изборната кампања воопшто нема или малку ќе промени во рејтинзите на партиите (59,6%), за разлика од 30,1% кои очекуваат голема или целосна промена на рејтинзите. Ниту една кампања не им се допаѓа на 24,8%, сите кампањи им се допаѓаат на 3,1%, а 19,9% не одговориле. Реториката на кампањата е навредлива за другите партии, мисли мнозинството на граѓани (56,7%). Околу 11% оцениле дека во кампањата се промовираат кандидатите за пратеници, односно изборната програма на партијата/коалицијата. Етничките Македонци ја перцепираат кампањата навредлива (67,3%) почесто од етничките Албанци (24,8%). Дебата помеѓу политичките лидери не би им помогнала да се одлучат за кого да гласаат на мнозинството граѓани (61,7%), бидејќи или се веќе определени (28,6%) или дебатата нема никакво влијание врз нив (33,1%). Економијата (невработеност, сиромаштија, инвестиции) е убедливо главното прашање кое ги интересира граѓаните на овие избори (78,8%). Мнозинството граѓани, за кампањата се информираат преку телевизиите (72,2%), а мал дел преку весници (11,7%), интернет (7,2%). Сите или поголем дел од медиумите не известуваат објективно, оценуваат мнозинството граѓани (61,3%). Мнозинството граѓани (61,7%) оценуваат дека политичките партии немале рамноправен медиумски третман.

Паралелно со овие активности, се следеа и објавите на рејтинзите на политичките партии. Институтот за демократија во рамките на Мојот избор 2011, последната анкета со рејтинзите ја објави на 30 мај 2011, а беше објавен и извештај во кој беа споредени анкетите за рејтинзите, направени од други агенции.

Објавени се и прелиминарни извештаи од набљудувањето на медиумите и нивното известување во предизборната кампања како и извештајот од следењето на работата на избирачките органи и тела.

Во текот на изборниот ден, 236 набљудувачи ќе ги следат неправилностите на 300 избирачки места во Република Македонија.

Ова е прво вакво интегрирано искуство на партнерите во Мојот избор 2011 година. Главната цел им беше да му понудат на македонскиот граѓанин информиран избор.



## Децата во Кукуречани заслужуваат добри услови за учење

На 29 април 2011 година, на свечен начин беше означен крајот на реконструкцијата на ОУ Александар Турунџев во Кукуречани (Битола). Училиштето, со помош на Сокотаб, МЦМС и општината Битола доби сосема нови подрумски простории, со квалитетна надворешна изолација, во кои се сместени работилницата за техничко образование, библиотеката и уште една училница. Буџетот на проектот изнесуваше нешто повеќе од 90.000 евра.

Учениците, наставниците и родителите не можеа да го скријат задоволството од добро завршената работа. „Денес е голем ден за нас", рече во своето обраќање Даниела Цветковска, директорката на училиштето, „со овој проект обезбедивме услови во кои учениците безбедно ќе ја следат наставата".



Здравјето и безбедноста на децата беа мотивот да се вклучи и МЦМС со средства од Сокотаб и општината Битола. Подрумските простории на училиштето беа во многу лоша состојба. Голема количина влага и ѕидови кои се во процес на распаѓање – тоа беше состојбата со неколку зборови. Кујната која беше сместена во тие простории не функционираше веќе три години. Работилницата за техничко образование се користеше до реновирањето, заради недостатокот на друга соодветна просторија.

„Ситуацијата беше навистина лоша", раскажуваше Борче Лажиовски, домаќин во училиштето, „ѕидовите почнаа да се распаѓаат и од 50 см широчина се направија 30 см, а тоа се носечки ѕидови заради кои може да падне училиштето. Сега немам зборови како изгледа. Навистина темелно се реши проблемот", вели Лажиовски. На разликата се осврна и Џигит Тунџел, извршниот директор на Сокотаб во Македонија, „мило ми е што нашата донацијата беше искористена на најдобриот начин. Ќе продолжиме со ваков тип проекти и ќе продолжиме да бидеме корисни за општеството", додаде Тунџел. Учениците ги поздравија своите гости со убава фолклорна програма.

## Какви се македонските општествени вредности

МЦМС за прв пат го спроведе истражувањето „Македонски општествени вредности". Истражувањето опфати повеќе ставови на граѓаните.



Граѓаните ја сметаат поважна еднаквоста (52,1%) наспроти индивидуалните слободи (41,5%). Повеќето граѓани (62,1 %) преферираат помали разлики во платите, за сите да имаат подеднакво. Истражувањето покажа дека големо мнозинство граѓани (79,0 %) не веруваат во солидарноста на луѓето, односно, сметаат дека луѓето главно се грижат само за себе. Потесното семејство е во преден план и големо мнозинство граѓани (79,1 %) се многу загрижени за него. Мнозинство граѓани се многу загрижени за децата од сиромашните семејства (70,8 %), болните лица и лицата со хендикеп (66,7 %) и невработените во Македонија (59,5 %). Загриженоста на македонските граѓани опаѓа со оддалеченоста на граѓаните за кои се прашани.

За 82,7 % од граѓаните, демократијата е добар политички систем. Нивото на толеранција и натаму е ниско. Голема е општата нетолеранција и особено кон пет категории луѓе: соседи кои се зависници од дрога, зависници од алкохол, луѓе со криминално досие, лица заболени од сида и хомосексуалци. Во однос на 2008 година, зголемена е толерантноста кон луѓе од други етнички заедници, луѓе од друга вера и хомосексуалци. За одбележување е тоа што прв пат во истражувањата мнозинството испитаници (56,6 %) искажуваат толеранција кон Ромите. Граѓаните не би сакале установи за згрижување на маргинализирани групи во своето соседство, освен за пензионерски домови (81,7% поддршка). За мнозинството (57,8%) е во ред да има во соседството и дневен центар за лица со хендикеп.

Околу 80 % од граѓаните се религиозни, и според наодите религијата претставува апсолутен стандард. Дека постои една исправна партија, смета незначително малцинство од 8,4 %.

Според истражувањето, Македонија во социјална смисла е традиционална земја. Во прилог на тоа се високата религиозност (околу 80 %), постоењето апсолутни стандарди (62,7 %) од граѓаните сметаат дека има една вистинска религија), неоправданоста на разводот, абортусот, евтаназијата и хомосексуалноста. Според Прегледот на светските вредности, националните индекси за традиционални/ секуларни вредности се движат од најнискиот во традиционална Ирска (-0,91), до највисокиот во секуларна Шведска (1,67). Во регионот вредностите се движат од најнискиот во Хрватска (0,08), преку Македонија (0,12), до Србија (0,65), Словенија (0,95) и Бугарија (1,15).

Религиозни се чувствуваат 79,7 % од граѓаните, 15,1 % се чувствуваат нерелигиозно, а атеисти се 1,2 %. Религиозноста е без промени во однос на 2009 г. (83,3 %). Етничките Албанци во Македонија се најрелигиозна група на Балканот.Најголема неоправданост имаат самоубиството (98,5 %), земањето лесни дроги (96,7 %) и сексуалната работа (проституцијата) (94,8 %). Хомосексуалноста не ја оправдуваат 89,6 % од граѓаните. Иако не ги оправдуваат, граѓаните сметаат дека се практикувани од страна на повеќето нивни сограѓани лажењето за личен интерес (75,7 %), земањето лесни дроги (40,9 %) и случаен секс (36,3 %). На пример, оправдувањето случаен секс е 18,6 %, а 36,3 % сметаат дека тоа го прават сите или повеќето сограѓани.

И понатаму не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, на прашањата како развод, абортус и хомосексуалност.

Анкетата за МЦМС ја спроведе агенцијата „Рејтинг", на национален репрезентативен примерок од 1.066 испитаници.

## Прв чекор кон македонска платформа за развојна соработка

На 27 и 28 април оваа година, осум македонски граѓански организации разговараа за развојната соработка, улогата што Македонија ја има како земја примач на донаторска помош како и улогата која би ја имала во блиска иднина како земја донатор.

Консултацијата беше можност за дискусија за граѓанското општество во контекст на развојната соработка и за согледување на потребата за формирање национална платформа. Настанот го организираше МЦМС, Хелсиншкиот комитет МХЦ, Балканската мрежа за развој на граѓанско општество, БЦСДН а го поддржа ТРИАЛОГ, Австрија. Целта беше да се разбере односот на ЕУ кон развојната соработка и да се разгледаат можностите за активно вклучување на Македонија на ова поле.

Беше презентиран проектот ТРИАЛОГ, целите, активностите историјата и успесите на новите земји членки на ЕУ како и европските политики за развојна соработка.

Гостите од Словенија и Бугарија потврдија дека за формирање на платформа потребно е многу време и залагање, затоа според нив е потребно да се започне рано додека земјите се уште се во предпристапниот период само на тој начин би имале институции и ГО спремни да работат на развој по пристапот во ЕУ.

Настанот е почетна фаза за формирање на развојна платформа и на него беа формирани Координативно тело и Работна група кои ќе го започнат процесот за креирање на национална платформа за развојна соработка.